# THE CONSENT OF PARENTS FOR MARRIAGE OF THE INTENDING SPOUSES: "BEGALKA", "CORBADZI TEODOS" AND "PECALBARI" - CUSTOMARY LAW OF THE MACEDONIAN PEOPLE - CIVIL LAW - THE SACRED CANONS OF THE HOLY ORTHODOX CHURCH

**Pance Kosev**
Faculty of Theology at the University "Ovidius" Constanta Romania pancekjosev@gmail.com

**Abstract:** A man and woman who intend to get married in the Republic of Macedonia, or who are ready to create a new marital union and become "ONE BODY", can accomplish that after receiving a consent from their parents. This consent is usually given during the engagement of the intending spouses. If the parents aren`t willing to give a consent on both sides, or at least on one side, it is usually given after the marriage is concluded, after giving birth to a grandchild, they will forgive each other etc. By this act of giving parents` consent to their children for marriage, the couple is parting with the previous way of life they had while being and living under their parents` roof, and just like birds let their young ones taste the freedom and create their own lives, so the parents tear the strings attached to their children apart and let them sew together their new, own story, to create a new family, to which they will be witnesses and supporters. The creative spirit of the Macedonian people created works that described exactly this act of giving consent. Due to the great number of works that are working on this topic, and with the intention to focus on the goal of this paper, "Begalka" and "Corbadzi Teodos" by Vasil Iljoski and "Pecalbari" by Anton Panov are chosen as creations that are a worthy sample. Regulating and encountering the consent of the parents will also be discussed in the customary law of the Macedonian people, the civil law of the Republic of Macedonia and the Sacred Canons of the Holy Orthodox Church. Once we become familiar with the stipulations of the stated regulative in particular, we will apply those regulations to the previously mentioned works. According to the application of the three regulations, firstly we will determine whether they comprise the listed cases within the scope of their regulation and if that is the case, whether there is a contemplated sanction and whether all three regulations would react the same, similarly or the differences in the regulations between them would be completely different. Although this moment of receiving consent by the parents of the future spouses may be seemingly unnoticed and ignored from our everyday life`s perspective, it is nevertheless of a great importance for the intending spouses and their union, because, as even the Fathers of the Church state, they are the main protectors of the that union.
**Keywords:** parents, consent, custom, law, canon

# СОГЛАСНОСТА НА РОДИТЕЛИТЕ ЗА СТАПУВАЊЕ ВО БРАК НА ИДНИТЕ СОПРУЖНИЦИ „БЕГАЛКА“, „ЧОРБАЏИ ТЕОДОС“ И „ПЕЧАЛБАРИ„ - ОБИЧАЈНОТО ПРАВО НА МАКЕДОНИСКИОТ НАРОД - ГРАЃАНСКОТО ПРАВО - СВЕШТЕНИТЕ КАНОНИ НА СВЕТАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА

**Панче Ќосев**
Теолошки факултет на Универзитетот „Овидиус„ Констанца Романија pancekjosev@gmail.com

**Резиме:** Момчето и девојката кои се со намера да стапат во брак во Република Македонија, односно кои се спремни за создавање нова брачна заедница,т.е. да станат „ЕДНО ТЕЛО„ , тоа можат да го реализираат откако ќе ја добијат бараната согласност од нивните родители. Ова согласност најчесто се случува да биде дадена за време на свршувачката на идните сопружници. Доколку нема согласност за склучување на брачна заедница помеѓу родителите на идните сопружници, од двете страни или барем од едната страна, истата најчесто ја добиваат откако бракот ќе биде склучен, откако ќе се роди внуче, ќе се простат и сл.. Со овој чин на давање согласност на родителите на нивните деца за стапување во брак се врши еден пресек, едно раскрстување на овие двајца со претходниот живот што го имале, со начинот на битисувањето и живеењето под родителскиот кров и како што птиците ги пуштаат младите да ја вкусат слободата и да создадат свој живот, така и родителите ги кинат конците кои ги врзувале со нивните деца и дозволуваат токму со тие скинати конци да се изврзе и сошие новата приказна, да се создаде новото семејство, на кое тие ќе бидат сведоци и подржувачи. Творечкиот дух на Македонскиот народ создал дела кои го опишале токму овој чин на давање согласност. Поради големиот број дела кои ја работат ова

тематика, а со намера да се сосредоточиме на целта на овој труд, како творби кои се достоен примерок за создаденото одбрани се делата „Бегалка„ и „Чорбачи Теодос“ од Васил Иљоски и „Печалбари„ од Антон Панов. Регулирањето и среќавањето на согласноста на родителите ќе биде разгледана и во обичајното право на Македонскиот народ, граѓанското право на Република Македонија и според Свештените Канони на Светата православна црква. Откако ќе се запознаеме со одредбите од наведените регулативи посебно, ќе се направи примена на регулативите врз примерите од наведените дела. Согласно примената на трите регулативи најпрво би се утврдило дали тие во опсегот на нивото регулирање ги опфаќаат наведените случаи, а доколку тоа е случај дали во истите е предвидена санкција, и дали сите три регулативи би реагирале исто, слично или разликите на регулирањето помеѓу нив би биле сосема различни. Овој момент на добивањето согласност од страна на родителите на идните брачни другари, иако можеби изгледа навидум незабележлив и неприметен гледано од денешна перспектива на нашето секојдневие, сепак е од голема важност за идните брачни другари и за нивната заедница, од причина што како што наведуваат и отците на Црквата, тие се главни заштитници на истата.

**Клучни зборови**:родители, согласност, обичај, закон, канон

*Зашто благословот на таткото ги утврдува домовите на децата, а мајчината клетва ги урива до темели.(Книга Мудрост Сирахова 3:9)*

## ВОВЕД

### Согласноста на родителите за склучување на брак во „Бегалка[137]“, „Чорбаџи Теодос“[138] и „Печалбари“[139]

Драмите „Бегалка“, и„Чорбаџи Теодос“ се напишани од македонскиот автор Васил Иљовски[140], а драмата „Печалбари“ од македонскиот автор Антон Панов[141]. Овие три дела се напишани во периодот

[137] „Бегалка“ е комедија во пет чина на македонскиот автор Васил Иљоски која започнува да ја пишува во 1926 година под наслов „Бежанка“ а која при поставувањето во Скопскиот театар во сезоната во 1928 година била преименувана во „Ленче Кумановче“. Дејствието се случува првата половина на XX век во Куманово. Ликот на Ленче или на бегалката е значаен за тоа што таа решава да побегне од својата куќа за Бошко, момчето кое го сака, а за кое согласност за стапување во брак не и даваат нејзините родители. Таа после чинот на бегањето е избришана од нејзиното семејство се додека заедно со нејзиниот сопруг, детето и свекрвата не дојдат на христијанскиот празник Прочка на простување кај нејзините.

[138] „Чорбаџи Теодос“ или позната и под насловот „ Нагазио човек“ е драма во три чина на македонскиот автор Васил Иљоски изведена во Скопскиот театар на 23 Април 1937 година. Дејствието се одвива во Скопје во турско време. Главен лик во драмата е Чорбаџи Теодос, човек угледен граѓанин од Скопје кој има свои принципи на живеење, свој поглед на работите и внимава со кого се дружи се додека не му се промени животот од моментот кога ќе треба да стане како што велат во драмата „цигански кум“. Оттогаш се се менува, се погазува што бил и се согласува да го жени синот за Стојанка, девојка која пред тоа не ја гледа за доволно добра за неговиот син иако истиот многу ја сака, само за да се ослободи од обврската да биде цигански кум, а таа обврска да ја превземе неговиот син.

[139] „Печалбари“ е драма во четири чина од македонскиот автор Антон Панов. Во самата драма е опишан ликот на еден лихвар кој им ја дере кожата на сиромасите и добро заработува од нивната мака. За да му се исплатат тие одат на печалба, судбина која ќе го снајде и неговиот зет поради тоа што ќе сака да ја земе бегалка неговата ќерка, но истата поради резил од светот нема да сака да си оди и да се венча без согласност на родителите и за тоа Костадин на крај ќе плати со животот.

[140] Васил Иљоски е роден на 20.12.1902 година во Крушево, но по Илинденското востание татко му заминува на печалба во Куманово каде завршува и основно училиште, гимназија, а образованието ќе го продолжи во Скопје на Филозофскиот факултет.Освен „Бегалка“ и „Чорбаџи Теодос“ има создавано и други дела како што се едночинката „Бура поради електриката’, „Ченичка авантура“, „Биро за безработни“„Допирни точки“ и др. Умира во Скопје 1 .11.1995 година.; http://:/mk.wikiphttpsedia.org/wiki/Васил_Иљоски

[141] Антон Панов е роден во Дојран на 13.04.1905 година. Основното образование го започнува во Дојран а го завршува во Струмица, каде се запишува и гимназија и тоа првите четири класа а од пети до осми клас, образованието го продолжува во Белград каде се преселуваат со неговите родители, но која не ја зврщува. Паралелно во Белград посетува и музичко училиште учи виолина и соло пеење и станува хорист во Белградската опера. Освен драмата „Печалбари“, автор е и на многу раскази а и на драмите

од првата половина на дваесетиот век. Она што е значајно за овој труд е фактот што овие дела ја обработуваат согласноста на родителите за склучување на брак на идните сопружници, со тоа што секое од нив го карактеризираат ликовите кои учествуваат и се носители на дејствието како и самото дејствие.

Во „Бегалка" како што гласи и името на драмата девојката бега од својата куќа и се венчава без согласност на своите родители, а согласноста на истите ја добива во мигот кога истите ќе го видат своето внуче, односно во мигот кога ќе се помират со својата ќерка.[142]

Додека во „Чорбаџи Теодос" ова согласност следува откако синот на чорбаџијата ќе се нафати да стане цигански кум наместо татко му, а овој за возврат ќе му даде согласност да ја земе Стојанка за жена, односно да се венчат син му и Стојанка.[143]

Во драмата „Печалбари" согласноста за да стапи во брак татко и на Симка, аџијата Јордан ја дава откако ќе разбере и ќе види дека Костадин сака да ја земе бегалка и свесен дека ако тоа се случи ќе биде голем срам за неговта фамилија, се договара со него да му ја даде за жена и за возврат бара педесет лири, на кој услов го наведува да се согласи и неговата идна невеста.[144]

Интересно е што во две од трите дела давањето на согласноста се дава со бакнување на рака на родителите и земање благослов, само во делото Печалбари тоа не е опишано туку е изразено со зборови за согласност.[145]

## СОГЛАСНОСТА НА РОДИТЕЛИТЕ ВО МАКЕДОНСКОТО ГРАЃАНСКО ПРАВО

Денешното Македонско законодавство согласноста за стапување во брак на родителите се наоѓа во вонпарничната постака која се води пред надлежен суд во Р.Македонија за давање дозвола за склучување на брак. Ова постапка е регулирана во Законот за вонпарнична постапка и ги опфаќа членовите од 93 до 105 од наведениот Закон.[146]

Во членот 98 од Законот за Вонпарничната постапка стои дека судот е должен да ги испита сите суштествени околности за да одлучи дали малолетното лице ја достигнало телесната и душевната зрелост за вршење на правата и должностите што настануваат во брак и дали слободно и смислено донело одлука да склучи брак, за чие утврдување се сослушуваат и родителите на малолетното лице.

Ова сослушување на родителите кое како доказ се наведува и во самиот предлог до судот[147], така и на самиот записник[148] кој се води пред надлежниот суд се врши само со една цел да се утврди дали тие се согласни за склучување на бракот на нивното малолетно дете и дали сметаат дека е способно да стапи во брак и да одговори на обврските кои произлегуват од него.

По давањето на согласноста на родителите, како и исполнувањето на другите услови потребни за давање на дозвола за склучување на брак од страна на судот се носи решение со кое се дозволува малолетниот да стапи во брак со избраникот/избраничката.

Обичајното Право на Македонскиот народ

Обичајот на давање согласност за стапување во брак или давање „благослов" од страна на родителите во Македонија кој се врши со „бацување рока" како тоа го наречуваат во Галичник[149] најубаво е истражен и среден како документиран материјал под насловот „Брачното и семејното обичајно право на Македонскиот народ" од Миле Хаџи Василев Вардарски во книгата „Прилози за обичајното право на Македонскиот народ" том 1.[150]

„Пиликатник" „Простодени" и „Градинар". Издава и збирка есеи „Мисли и размислувања".Умира во Струмица на 28 .08.1963 година.; https://mk.wikipedia.org/wiki/Антон_Панов

[142] ИЉОВСКИ Васил; Бегалка стр.117-118

[143] ИЉОВСКИ Васил; Чорбаџи Теодос-Скопје: Нова Наша книга, 2005, 107-109

[144] ПАНОВ Антон; Печалбари, Култура: Македонска книга: Мисла :Наша книга, 1989, стр.29

[145] Види: „Бегалка" стр.117, „Чорбаџи Теодос" стр.108-110, „Печалбари" стр.29

[146] Закон за вонпарнична постапка е објавен во Службен весник на РМ бр.9/08 од 18.01.2008 година и влезе во сила на 26.01.2008 година.

[147] ЧАВДАР Кирил:Коментар на Законот за семејството со судска практика, обрасци за практична примена, предметен регистар и придружни прописи. Агенција „Академик"-Скопје, стр.54

[148] Записник воден пред Основен суд С. под ВПП-2/18

[149] Гласник на Етнолошкиот музеј 2 Скопје 1965, стр.101

[150] ПРИЛОЗИ за обичајното право на Македонскиот народ/ уредувачки одбор Александар Христов, Миле Хаџи Василев, Асен Групче.-Скопје:Македонска академија на науките и уметностите, 2000 (Обичајното право на македонскиот народ;т.1)

Вољата или согласноста на родителите според обичајното право на Македонскиот народ има како што наведува и самиот автор „решавачко“ значење за свршувачката на неговото дете, односно за стапувањето на истото во идната брачна заедница. Тоа решавачко значење се гледа и во фактот што постојат примери кога родителите и без согласност на своите деца ги посвршувале, односно „во еден обичен разговор со мал нишан од таткото на момчето„.[151]Да не зборуваме за се она што требало да биде направено додека да дојде до венчавањето, тие требало да бидат прашани за се. Доколку децата не се согласувале со одлуката на својот татко ако се работи за девојка, и било забранувано да излезе од куќата и да оди на било какви веселби, а можела да биде и казнета. А ако се работи за момче истиот можел да биде истеран од татковата куќа и да биде лишен од имотот на неговиот татко додека тој е жив.[152]

Сепак се случувало младите да си се ветат еден на друг, а отпосле да се трудат да се здобијат со благословот од родителите.Доколку тоа не се случело, односно изборот на идниот брачен другар не биде одобрен од страна на родителите, најчесто на девојката, таа бегала од својата куќа во куќата на момчето. Во тој случај девојката останувала без чеиз и не и бил даван мираз.Бегалките биле познати низ примери насекаде низ Македонија, но тој чин и носел „срам на куќата“ на девојката, кое чин можело и да не и го простат нејзините родители.[153]

Но во примерите се среќавало и „привидно бегање“[154] кога премолчано родителите се согласувале девојката да оди бегалка кога немале што да и дадат за чеиз или мираз, а потоа откако ќе се венчала, по породувањето или по венчавката и простувале и давале согласност за венчавањето или кога имала постар брат или сестра за мажење односно женење.

Примери се среќаваат и на “грабнување“ и на “купување на девојката“. Грабнувањето било спротивно на добрите обичаи се случувало со согласност на девојката или некогаш и без нејзина согласност, а има примери кога грабнувањето било правено кога и двајцата биле сиромашни што ги спасувало од давањето свадбени дарови[155] . Во овој случај согласноста на родителите можела да биде дополнителна.

Купувањето на девојката се случувало кога не можело момчето да најде девојка и истото се случувало со давање пари или имот за неа на нејзините родители. Но не ретки биле и случаите каде за девојката на нејзиниот татко и било давано откуп, кој обичај најчесто се среќавал кај исламизираните Македонци, за кој имаме и пример каде некоја девојка била наречена „златна невеста“ оти била купена за „едно тенеќе злато“[156] Во овој случај согласнота била купувана.

## СОГЛАСНОСТА НА РОДИТЕЛИТЕ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА БРАК НА НИВНИТЕ ДЕЦА СОГЛАСНО СВЕШТЕНИТЕ КАНОНИ НА СВЕТАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА

„ Кажано е: *Глупиот кој ќе праша за мудрост, може да се покаже за мудар (Притч.17:28-според преводот на седумдесетте),* а прашањето на мудриот го прави мудар како што се гледа дури и немудриот. По Божјата благодат, тоа ми се случува секој пат кога добивам писма од трудољубивата ти душа, зошто станувам по вешт и по разумен од самиот себе си кога од самото прашање научувам многу нешта, кои уште не сум ги ни знаел. И грижата за одговорот ми стана учител. Така и сега, макар што и никогаш да не сум ти ги примал прашањата со загриженост и внимание, принуден сум да ги разгледам подробно, да си припомнам, ако сум слушнал нешто од постарите, и да измислам од себе си нешто сродно на тоа, на кое сум научен. “( Свети Василиј Велики)-*До Амфилохије, за правилата, прво канонско послание* [157]

Ова е воведот од првото писмо кое Свети Василиј Велики го праќа до Свети Амфилохије, а кое е одговор на неговите прашања, и кое во продолжение содржи дел од каноните кои подоцна ќе станат задолжителни за целата Црква како Правила на Свети Василиј Велики[158]. За нас од интерес е второто канонско послание бидејќи во него се содржани каноните кои се од интерес на овој труд.

---

[151] Исто стр.148-150
[152] Исто стр.139
[153] Исто стр.140
[154] Исто стр.140
[155] Исто стр.144
[156] Исто стр.144
[157] Творенија на Светителот Василиј Велики; Писма, Славјаноблгарски манастир „Св. Великомаченик Георги Зограф“, Света Гора, Атон, 2009 година,Стр.317
[158] МИЛАШ Никодим:Правила Православне Цркве с тумачењима, Књига II , Нови Сад 1896 година, Стр.341

Во 22[159], 38[160], 40[161] и 42[162] канон на Свети Василиј Велики директно е обработена согласноста на родителите, односно на господарите за склучување на брак на децата односно на робовите.

Во наведените канони согласноста на родителите односно на господарите е „крепост на бракот“,[163]односно „силата на бракот“[164].

Доколку девојката без согласнот на таткото односно робинката без согласност на господарот отиде за некој, се омажи тоа се смета за блуд. Исто кога девојката биде грабната било свршена или несвршена, пред да му стане жена на грабнувачот, треба да биде вратена, ако е свршена на свршеникот или ако е девојка на роднините и ако биде нивната волја таа да биде дадена на грабнувачот, тогаш тој може да ја земе за жена, но со тоа што откако ќе се омажи ќе биде подложена на епитимија за блуд. Но ако родителите се помират со нив во текот на животот, тогаш во мигот на помирувањето бракот станува важечки или како што се изразува Свети Василиј Велики во 38 Канон „ нештото ќе се поправи“. Но сепак тоа не останува неказнето и за грабната предвидена е епитимија од четири години(види во фуснотата кај Канон 22), додека девојката која добила дополнителна согласност епитимијата е три години одлачување од причест( види во фуснота кај Канон 38)

**ПРИМЕНА ВРЗ СЛУЧАИТЕ НА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ВО ДРАМИТЕ „БЕГАЛКА“, „ЧОРБАЦИ ТЕОДОС“ И „ПЕЧАЛБАРИ“ НА ПРАВИЛАТА НА МАКЕДОНСКОТО ГРАЃАНСКО ЗАКОНОДАВСТВО, ОБИЧАЈНОТО ПРАВО НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД И СВЕШТЕНИТЕ КАНОНИ НА СВЕТАТА ПРАВОСЛАВНАТА ЦРКВА**

Ако го земеме случајот на добивање согласност во драмата „Бегалка“ ќе видиме дека Македонското законодавство не го регулира овој вид на бегање, бидејќи девојката самоволно бес

[159] Канон 22/За грабнувачот на свршена девојка, или несвршена; и за насилникот/Оние кои со грабање имаат жени, ако грабнале веќе свршени за други, не треба да бидат примани, пред тие да им бидат одземени и предадени под власт на нивните првични обручници, ако сакаат или да ги земат или да ги отпуштат.Ако пак некој земе слободна(несвршена), треба да се одземе(од него) и да биде вратена на роднините;и да се остави на волјата на роднините, било тоа да се родители, или браќа, или други постари на девојката: ако тие сакаат да му ја дадат, нека се утврди таа врска, а ако не се согласат, не треба да се принудуваат.Кој пак има жена, која (претходно) или тајно или со силаја обесчестил, мора да се спознае( да издржи) епитимија за блуд. А епитимијата за блудници одредена е на четири години:првата година да бидат оддалечени од молитвите и да плачат пред вратите на Црквата;втората година да бидат примени на слушање(на Светото Писмо); третата на покајание; четвртата да стојат со народот, но да не учествуваат во Приносот(Евхаристијата), и потоа да им се допушти општење со Доброто (т.е.Причест)- Свештени канони на Светата Правосилавна Црква; Повардарска епархија-Св. Ѓорѓи Полошки“;печати „Европа 92“, Кочани, Велес, 2011 година, стр.522

[160] Канон 38/За девојките кои без согласност на родителите ќе се омажат/Девојките кои ќе отидат(за човек)против согласноста на таткото, прават блуд, а ако родителите се принудат ( помират)изгледа дека нештото ќе се поправи. Но не треба веднаш да се примат во општење(во Литургијата), туку да бидат под епитимија три годнини. Свештени канони на Светата Правосилавна Црква; Повардарска епархија-Св. Ѓорѓи Полошки“;печати „Европа 92“, Кочани, Велес, 2011 година, стр.527

[161161] Канон 40/За слугинката која без дозвола од господарот ќе склопи брак/ Која(жена) против волјата на господарот ќе се предаде на човек, сторила блуд;а ако потоа го исползува допуштениот и брак, тогаш е мажена. Според тоа, тоа е блуд, а ова е брак, бидејќи договорите(склопувањата на бракови) помеѓу подвластените(под други лица) немаат ништо сигурно. Свештени канони на Светата Правосилавна Црква; Повардарска епархија-Св. Ѓорѓи Полошки“;печати „Европа 92“, Кочани, Велес, 2011 година, стр.527

[162] Канон 42/ За браковите без согласност на оние кои имаат власт( родителите или господарите)/Браковите кои се склопуваат без (согласност на ) оние кои имаат власт ( родителите или господарите), се блуд. Затоа кога е жив таткото или господарот, не се без одговорност оние кои ќе се соединат, додека ако господарите ја одобрат таа врска, тогаш бракот добива сигурност. Свештени канони на Светата Правосилавна Црква; Повардарска епархија-Св. Ѓорѓи Полошки“;печати „Европа 92“, Кочани, Велес, 2011 година, стр.528

[163] МИЛАШ Никодим:Правила Православне Цркве с тумачењима, Књига II , Нови Сад 1896 година, стр.397

[164] Творенија на Светителот Василиј Велики; Писма, Славјаноблгарски манастир „Св. Великомаченик Георги Зограф“, Света Гора, Атон, 2009 година,Стр.358

присила од никој оди кај момчето. Обичајното право како и Свештените канони го подведува овој случај под ист вид на регулација. Имено, во Свештените канони тоа би било регулирано со 38 и 42 Канон на Свети Василиј Велики бидејќи отпосле се добива согласност зошто се работи за девојка која побегнала од татковиот дом и се венчала без согласност на истиот, а таков бил и обичајот откако ќе се родело дете, како што е во овој случај најчесто доаѓало до помирување на родителите со своето чедо и давање на согласност.

Во „Чорбачи Теодос“ исто според Македонското законодавство не би можело да биде регулирано, давањето согласност, но затоа според обичајното право и според каноните, овде нема никаква повреда, бидејќи истата е добиена пред да се склучи бракот, иако моментот на доаѓање до согласноста е доста сложен и исцрпувачки како за синот на чорбаџијата така и за Стојанка.

Додека во „Печалбари“ го имаме класичниот пример на купување на девојката, односно купување на согласноста. Интересно е што како случај девојката не се противи на нејзиното купување, туку и го советува идниот брачен другар да се согласи на условите. Овде се работи за класична злоупотреба на правото кое го има таткото над девојката, и со тоа можеби не ги повредува 38 и 42 Канон на Свети Василиј Велики, но го злоупотребува ова право кое му е дадено како родител.

**ЗАКЛУЧОК**

...Спомни ги, Боже, и родителите што ги одгледале, зошто родителските молитви ги закрепнуваат основите на домовите...[165]

Молитвите на родителите и согласноста на истите за основањето на новата брачна заедница се еден од темелите врз кој се гради истата. Според Ципин во Црковното право чиј автор е согласноста преставува апсолутна пречка за склучување на брак[166]. Во Црковното право на Цисаж стои дека ова правило нашло примена во сите граѓански законици бидејќи малолетен или малолетна не можат да стапат во брак без согласност на тие под чија власт се наоѓаат[167], кое како правило како што видовме се среќава и во македонското законодавство( види погоре во делот кој се однесува на тоа). Согласно член 10 од Законот за семејството „родителското право престанува со полнолетство на детето или на друг начин предвиден со овој закон, а полнолетството се стекнува со наполнување 18 години од животот, кога полнолетното лице се здобива со деловна способност“[168]. Но што со она што го вели Свети Василиј Велики ? Тој во 38 канон не ја споменува возраста, само вели дека без согласноста, таа заедница е блуд. Ликовите во драмите само го потврдуваат тоа посебно Симка во „Печалбари’ која го моли Костадин да се согласи на се, само за да ја добијат согласноста на татко и. Тоа го потврдуваат и сите примери во обичајното право. Но кога доаѓа до злоупотреба на истото или кога од инает не сака родителот да му даде согласност на своето чедо како што вели проф. Стефан Бобчев во своето Црковно право и по три пати молење ако не се согласат родителите, а причината е неважна, епархискиот свештеник го проследува овој случај до духовното началство и тоа откако ќе го утврди истото дава благослов за склучување на брак[169]. Но пак ќе кажам, што со она што го рекол Свети Василиј Велики? Неговиот став за сето тоа е многу јасен-согласност на родителите или блуд. Начинот да се дојде до согласноста е можен ако се сака, но не по секоја цена, затоа што во случај на злоупотреба на ова право, истиот треба да биде натеран да го даде за да не дојде до тоа да „клетвите на мајката го урнат бракот до темели“.

---

165 Дел од една од молитвите кои се читат при венчавање; Требник Скопје 1997 година, стр.82

166 http://lucl.kiev.ua/imageos/Lavra/B06/184.pdf , стр.267

167 Бранко А. Цисаж, *Црквено право II*, Брачно право и Црквено-судски поступак Српске Православне Цркве, Београд, 1973,стр.107

168 Закон за семејството(Пречистен текст) (Сл.весник на РМ бр.153 од 20.10.2014 година)

169 Стефан Бобчев,Черковно право, Съкратенъ курсъ из лекциитѣ по черковно право четени на юуридическия факултетъ, София, 1927, стр.338